OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 02 јуни 2016

## Единствено во Охридска банка Сосиете Женерал

### Уникатна промоција на картички со осигурување со каматна стапка од само 6,45% и без провизија за првата година

Во пресрет на летните одмори и сè позачестените патувања во овој период од годината, Охридска банка – Сосиете Женерал им излегува во пресрет на сите граѓани и воведува уникатна промотивна понуда во сегментот на кредитни картички.

Сите нови корисници кои во периодот од 2.06.2016 г. до 30.09.2016 г. ќе аплицираат за некоја од кредитните картички на Охридска банка – Сосиете Женерал, освен што добиваат картичка со вклучено осигурување (Ин-кардс), кое е бесплатно за имателите на картичките и опфаќа листа на неживотно осигурување во зависност од видот на картичката за целото нејзино времетраење, добиваат и промотивно намалена каматна стапка од само 6,45% и користење на картичката без провизија за првата година. Промотивната каматна стапка важи до крајот на годината, односно до 31.12.2016 година.

**Промоцијата е валидна за следниве картички :**

- Мастеркард стандардна кредитна картичка
- Мастеркард златна кредитна картичка
- Мастеркард платинеста кредитна картичка
- Виза класична кредитна картичка
- Виза златна кредитна картичка

Картичките со осигурување ги имаат сите карактеристики на платежна картичка и можат да се користат во земјата и во странство за: плаќање во малопродажба, интернет-плаќања, како и повлекување на готовина од банкомат. Предноста на овие картички е осигурувањето, кое е вклучено, а кое важи за патување во странство на корисникот и неговото потесно семејство насекаде во светот со максимално времетраење од 90 дена доколку патувањето е во целост платено со картичката.

Во зависност од типот на картичката, осигурувањето покрива: медицинска помош, помош при патување, смрт од незгода во странство и доцнење на лет или багаж.

Дополнително, а за уште поголема заштита на корисникот и на неговите финансиски средства, за месечна претплата од само 30 денари, Охридска банка – Сосиете Женерал на клиентот му овозможува точна и навремена СМС-нотификација за секоја направена трансакција со картичката: плаќање на продажни места, плаќање преку интернет, повлекување на готовина на банкомат.

Ин-кардс картичките со осигурување се понуда која на македонскиот пазар за прв пат ја воведе Охридска банка – Сосиете Женерал минатата година, а која годинава, поради големиот интерес, е промотивно збогатена со дополнителни придобивки за корисниците.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ**
**И КОМУНИКАЦИИ**
ЕЛЕНА ГЛИГОРОВСКА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013